Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 12) и член 130 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 април 2022 година донесе

**ОДЛУКА**

**за одобрување на План за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од 2022 до 2026 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони**

1. Со оваа одлука се одобрува Планот за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од пет години на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.
2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, одобрениот План за развој од точка 1 од оваа одлука да ги објави на својата веб страница.
3. Оваа одлука се доставува до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.
4. Оваа одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони врз основа член 24 став (1) точка 2) алинеја 1) и член 130 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) е должна да изработи План за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од пет години (во понатамошниот текст: План за развој) и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), да го објави на својата веб страница.

Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони до Регулаторната комисија за енергетика достави План за развој бр.11-734/2 од 24 март 2022 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 7 април објави соопштение на својата веб страна и ги повика сите заинтересирани страни да достават забелешки, коментари и предлози најдоцна до 13 април. Во предвидениот рок не беа доставени забелешки.

Регулаторната комисија за енергетика на 18 април 2022 година одржа седница на која го одобри Планот за развој на Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони бр.11-734/2 од 24 март 2022 година.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 11-734/2**
**18 април 2022 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

План за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од 2022 до 2026 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони